Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

## Податоци за високообразовната установа

| | |
|---|---|
| **Назив** | УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ<br>ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА<br>(кратенка ФЗНХ) |
| **Седиште** | ул. 16-та Македонска бригада бр.3 - Скопје, РС Македонија |
| **Контакт информации** | Тел: +389 2 3255100<br>Факс +389 2 3134310<br>Интернет адреса: www.fznh.ukim.edu.mk<br>Е-пошта: contact@fznh.ukim.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Миле Маркоски, Декан |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | / |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2023/24 |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | / |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје (ФЗНХ) |
| Седиште | бул. „16-та Македонска бригада“ бр.3 , ПФ. 297, 1000 Скопје |
| Веб страница | http://www.fznh.ukim.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | МИСИЈА<br>Основна мисија на Факултетот е квалитетна подготовка на универзитетски образован кадар кој ќе биде во можност да одговори на современите трендови во земјоделското производство.<br>ВИЗИЈА<br>Факултетот во континуитет ги следи моденитe трендови на високото образование и обезбедува мобилност на студентите и врши едукација на наставниот и соработничкиот кадар. Факултетот е дел од Европскиот образовен систем, врз основа на принципите на Болоњската декларација и врз принципите на повеќе декларации и документи донесени од страна на европските универзитети во изминатите неколку години. Затоа, со сите свои стратешки и развојни документи Факултетот е интегриран и прилагоден согласно Болоњскиот процес чија цел е создавање на европска област за високо образование преку создавање стандардни академски титули |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Државна високо образовна установа, Матичен број: 6462677, Шифра на дејност: 85.42 – Високо образование, |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Студиски програми на прв циклус на студии<br>**Поледелство**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-780/4 од 27.4.2023 година)<br>**Заштита на растенијата-Фитомедицина**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-958/4 од 4.7.2023 година)<br>**Градинарство и цвеќерство**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-779/4 од 27.4.2023 година)<br>**Овоштарство, лозарство и винарство**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-837/4 од 22.5.2023 година)<br>**Анимално производство**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-838/4 од 22.5.2023 година)<br>**Производство и преработка на земјоделски производи и храна**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-959/4 од 4.7.2023 година)<br>**Агроекономика**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-957/4 од 4.7.2023 година)<br>**Агроекологија**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-781/4 од 27.4.2023 година)<br>**Квалитет и безбедност на храна** |

| | |
|---|---|
| | (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-960/4 од 4.7.2023 година)<br>**Хортикултура**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-836/4 од 22.5.2023 година)<br>**Дигитално земјоделство**<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-61/4 од 2.7.2024 година)<br><br>*Студиски програми на втор циклус на студии*<br>**Одржливи технологии во поледелството** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1336/6 од 24.7.2023 година)<br>**Лозарство и винарство** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1339/6 од 1.9.2023 година)<br>**Одржливо овоштарско производство** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1339/6 од 1.9.2023 година)<br>**Технологија на производи од анимално потекло и нутриционизам (**едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1332/6 од 1.9.2023 година)<br>**Менаџмент на почви и води** (едногодишни студии) (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1338/6 од 24.7.2023 година)<br>**Одржливи технологии во градинарството и цвеќарството** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-962/4 од 4.7.2023 година)<br>**Преработка на овошје и зеленчук** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1333/6 од 1.9.2023 година)<br>**Квалитет и безбедност на храна** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1342/6 од 24.7.2023 година)<br>**Агроекономика и рурален развој** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-839/4 од 22.5.2023 година)<br>**Одржливо анимално производство** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1335/9 од 26.2.2024 година)<br>**Фитомедицина** (едногодишни студии)<br>(Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1331/9 од 25.9.2024 година)<br><br>*Студиски програми на трет циклус на студии*<br>**Растителна биотехнологија**<br>(Решение на Одбор за акредитација и евалуација бр. 08-265/6 од 28.9.2021 година)<br>**Анимална биотехнологија**<br>(Решение на Одбор за акредитација и евалуација бр. 08-266/6 од 28.9.2021 година)<br>**Агроекономика**<br>(Решение на Одбор за акредитација и евалуација бр. 08-267/6 од 28.9.2021 година)<br>**Менаџмент на природни ресурси и животна средина во земјоделството** |

| | |
|---|---|
| | (Решение на Одбор за акредитација и евалуација бр. 08-268/6 од 28.9.2021 година)<br>**Квалитет и безбедност на земјоделски производи**<br>(Решение на Одбор за акредитација и евалуација бр. 08-269/6 од 28.9.2021 година)<br>**Заштита на растенијата-Фитомедицина**<br>(Решение на Одбор за акредитација и евалуација бр. 08-270/6 од 28.9.2021 година) |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 52 редовни професори, 10 вонредни професори, 1 доцент, 1 насловен доцент, 4 асистенти, 4 демонстратори |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | 338 студенти на прв циклус во сите четири студиски години<br>25 студенти на втор циклус студии на едногодишни<br>11 студенти на трет циклус студии |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) во Скопје се вбројува меѓу најстарите високообразовни институции и еден од основачите на високото образование и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Воедно, ФЗНХ е и најголема високо-образовна и истражувачка институција во државата во областа на земјоделските науки. Факултетот за земјоделски науки и храна е основан во 1947 година, со одлука на Владата на Народна Република Македонија, како посебен отсек во рамки на Земјоделско-шумарскиот факултет. Со оваа одлука за основање на високообразовна институција која ќе образува кадар од областа на земјоделството и храната, бил ставен јасен приоритет за правецот на стопанскиот развој на тогаш новоената Социјалистичка Република Македонија. ФЗНХ е една од првите високообразовни институции во Република Северна Македонија која систематски почна да ги применува препораките од Болоњскиот процес. Факултетот има значајна и обемна соработка со голем број претпријатија од земјоделско-прехранбениот сектор во државата. Таа соработка се одвива преку 40-те лаборатории, од кои некои се овластени од страна на надлежните државни институции, а седум се акредитирани.<br>За долгата и успешна традиција на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доволно зборуваат и бројките од 8.298 дипломирани земјоделски инженери, 117 специјалисти, 575 магистри на земјоделски науки, 268 доктори на земјоделски науки (заклучно со 31.5.2024 год.), што има огромно значење врз развојот на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Факултетот за земјоделски науки и храна располага со компетентен и квалитетен наставно-научен кадар. Факултетот е организиран во седум внатрешни организациски единици, и тоа: Институт за растително производство, Институт за овоштарство, лозарство и винарство, Институт за анимална биотехнологија, Институт за храна, Институт за животна средина, Институт за заштита на растенијата и земјоделска техника и Институт за агроекономика. Секој од институтите се состои од различен број помали организациски единици - катедри и лаборатории. Во рамките на Факултетот за земјоделски науки и храна, а согласно ЗВО функционираат и „Друштво за истражување и перманентно образование – ДИПОЗ“ и „Опитно поле ФЗНХ“, кои имаат посебни жиро-сметки, свои управители и надзорни одбори. Оваа организациска структура на ФЗНХ е во функција на остварување на неговата мисија во сите |

| | |
|---|---|
| | дејности за кои тој е основан.<br>ФЗНХ во состав на УКИМ, го воведува Системот за управување со квалитет (MKS EN ISO/IEC 17025:2018) како основа за квалитетна научно-истражувачка и апликативна дејност со што се дава прилог во остварувањето на мисијата на ФЗНХ во овие дејности. Врз основа на овој стандард, во состав на Факултетот има 7 акредитирани лаборатории, и тоа: Лабораторија за анализа на храна за животни (Л01), Лабораторија за млеко и млечни производи (Л02), Лабораторија за контрола на квалитетни својства на семиња од земјоделски растенија (Л03), Лабораторија за анализа на почва и ѓубриња (Л04), Лабораторијата за тутун и тутунски производи (Л05) и Лабораторијата за испитување на грозје, вино, и алкохолни пијалоци (ЛО6) и Лабораторија за хемиска анализа на примарни земјоделски производи и нивни преработки (ЛО7). Овие лаборатории даваат објективни, брзи и квалитетни услуги на правни и физички лица, засновани врз меѓународно признати и прифатени методи за работа. Освен тоа, Факултетот располага и со 4 компјутерски опремени лаборатории/простории/училници и повеќе од 40 целосно опремени лаборатории за лабораториски вежби, практична настава за студентите и научно-истражувачка работа. Практичната настава на студентите и спроведувањето на активностите во рамките на различни проекти се изведуваат на Опитното поле на Факултетот. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Најголем напредок во последните пет години е направен во однос на:<br>Наставно-образовниот процес, преку воведување иновативни техники и методи и обезбедување квалитет во наставата, како и ресурси за учење и поддршка на студентите;<br>Научно-истражувачката работа, преку континуирано вклучување на наставниот кадар и студентите во национални и меѓународни проекти и објавување на резултатите од истажувањата во релевантни публикации од областа;<br>Меѓународна соработка и интернационализација- Факултетот организира меѓународни конгреси, конференции, семинари, средби со стопанството, а од 2012 година сите организации се интегрирани во Меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна, кој се одржува на три години. На последниот Симпозиум одржан во октомври, 2022 година, беа презентирани 270 труда со учесници од преку 30 земји од светот. Факултетот редовно го објавува меѓународното списание Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES).<br>Зголемена е мобилноста на наставно-научниот кадар и студентите од нашиот факултет преку програмата CEEPUS, програмата Еразмус+ и други програми. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Намалување на бројот на студентите, неконзистентност на високообразовните политики и често менување на правните акти во последните неколку години, недостаток на наставно-научен и особено соработнички кадар, недостаток на кадар во стручно-административните служби, долготраен процес на акредитација на студиските програми и чести измени на правилата и обрасците, отсуство на финансиска поддршка на научно-истражувачката работа од државата, зголемена и делумно нелојална конкуренција од други универзитети, недоволно инвестиции од државата во подобрување на инфраструктурата за настава и наука. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во последните неколку децении спроведува различни активности за обезбедување на квалитет во наставно-образовниот процес и научно-истражувачката работа. Во овие активности се вклучени студентските анкети, преку кои се оценува процесот на спроведување на наставата, креирање на наставни и предметни програми кои ги следат трендовите на водечките факултети од областа на земјоделството и храната во светот, Европа и во регионот и одговараат на потребите на стопанството и пазарот на трудот во нашата држава и континуирано подобрување на научно-истражувачката дејност на вработените.<br>Од 2024 година, за обезбедување на квалитетот Факултетот се води според Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација донесен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка работа (Сл. весник на РСМ бр.153/22), Стратегијата за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалтетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици и Водичот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достапни во архивата на Универзитетот. Врз основа на горенаведените акти, на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје се формирани Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет, чија задача е да извршат оцена на состојбата и да дадат предлози и мерки за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на Факултетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>1.1.А Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација<br>1.1.Б Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>1.1.В Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>1.1.Г Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалтетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици<br>1.1.Д Водич за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>1.1.Ѓ Одлука за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје<br>1.1.Е Одлука за именување членови во Совет за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје</td></tr>
<tr><td>1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.</td><td>Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почнувајќи од 2006 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студентите се редовно вклучени во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес. Со донесувањето на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавено во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година, студентската анкета за евалуација на квалитетот на наставата се реализира согласно предложениот модел 9. Стандардизираниот прашалник за сите единици на Универзитетот се дистрибуира до студентите во текот на двата семестра на учебната година. Анкетата треба да ја пополнат сите студенти кои присуствувале на предавањата во конкретниот семестар и се оценуваат наставниците и соработниците кои ја изведувале наставата во текот на тој семестар, вклучувајќи го и наставниот кадар од други високо-образовни институции во рамките на УКИМ кои се</td></tr>
</table>

анагажирани во изведување на наставата на Факултетот, согласно распоредот на предметите по семестри во одделните учебни години.

Врз основа на пополнетите прашалници, се согледува мислењето на студентите за седум аспекти: 1) подготвеност за предавања и вежби; 2) квалитет на настава; 3) редовност на настава и рационално искористување на време; 4) достапност за консултации; 5) однос кон студент; 6) обезбеденост на соодветен материјал за учење; и 7) објективност при оценување. Секој од овие аспекти студентите го оценуваат со вредности на скала од 5 до 10 (5 означува незадоволителен, а 10 одличен). Добиените резултати од прашалниците се користат за пресметување на просечната оценка по секој поединечен аспект за секој наставник, за секој предмет, за конкретниот семестар; вкупен просек за сите седум анализирани аспекти по наставник и вкупен просек по аспекти за целиот ангажиран наставен кадар кој учествувал во изведување на наставата.

Во текот на месец јуни 2024 година беше спроведена анкета на iknow платформата за перцепцијата на студентите за квалитетот на наставата, во рамките на која наставниот кадар е оценуван за 10 аспекти на скала од 1 до 5. Во анкетата која го опфаќа зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година, просечната оцена на студентите за квалитетот на наставата на целокупниот наставен кадар кој бил вклучен во наставата во текот на тој семестар изнесува 4,53, додека за летниот семестар во учебната 2023/2024 година, квалитетот на наставата е оценет со 4,66. Прашалникот на анкетата, како и сумарните резултати од спроведената анкета во учебната 2023/24 година се дадени во прилозите.

**Прилози**

1.2.А - Прашалник на iknow студентска анкета

1.2.Б – Резултати од iknow студентска анкета зимски семестар учебна 2023/2024

1.2.В - Резултати од iknow студентска анкета летен семестар учебна 2023/2024

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Управата на Факултетот е целосно посветена на континуирано подобрување и унапредување на квалитетот на образовниот процес. Факултетот постојано ги подобрува постоечките студиски програми и воведува нови, следејќи ги актуелните примери од водечките светски институции од областа на земјоделството и храната, притоа земајќи ги предвид потребите на македонскиот пазар на трудот и потребите на стопанството од специфично образуван кадар.

Сите акредитирани студиски програми на Факултетот се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за акредитација/повторна акредитација се спроведува редовно на секои пет години за студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии. Покрај претходно наведеното, преку процесот на самоевалуација на Факултетот се детектираат заканите, можностите, слабостите и предностите и се даваат препораки за подобрување на квалитетот на образованието во институцијата во наредниот период, а управата на Факултетот е посветена на нивна реализација.

Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анкети, кои се реализираат почнувајќи од 2006 година, а за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и стопанството свое мислење дава и Одборот за соработка и доверба со јавноста. Во него членуваат претставници на Факултетот и соодветни претставници на деловната заедница од областа на студиските програми.

Факултетот редовно организира дебати, јавни трибини, тркалезни маси и друг тип на настани на кој учествуваат претставници од Факултетот, студенти, претставници од стопанството и потенцијални работодавци на кои се споделуваат искуства, недостатоци и најдобри практики, со цел подобрување на квалитетот на постоечките студиски програми и квалитетот на кадарот кој излегува на пазарот на трудот, како и воведување нови студиски програми преку кои ќе се образува кадар кој недостасува на пазарот на трудот.

Така, на пример, од 2022 година Факултетот почнува со организација на настани, како што беше првата Панел-дискусија за дигитално земјоделство и паметна специјализација, која се одржа на 14-ти октомври, а беше организирана во рамките на 4-от Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF 2022, со поддршка на Швајцарската Програма за зголемување на пазарната вработливост – ИМЕ. Главните теми за дисткусија беа:

Што навистина значи дигиталното земјоделство? Која е неговата апликативност кај бизнисите во земјава? Во која мера се употребуваат дигитални алатки и опрема за подобрување на земјоделското производство? Дали младите кадри се подготвени за дигиталната револуција во овој сектор?

Присутните учесници на настанот се согласија дека е потребна поинтензивна соработка помеѓу ИКТ и агро бизнисите, јавниот, како и академскиот сектор во овие две области. Во оваа насока, беше донесен заклучок дека активностите кои ќе следат треба да бидат насочени кон креирање на нова студиска програма за дигитално земјоделство, со цел оформување на кадри со вештини да препознаат и идентификуваат дигитални решенија применливи во секој агробизнис преку мултидисциплинарен пристап (https://ime.org.mk/mk/digitalno-zemjodelstvo/).
Во наредниот период следеа низа други настани (работилници) кои се одржуваа на ФЗНХ, со цел изработка на Стратегија за паметно земјоделство, тркалезна маса/дискусија на тема студиска програма „Дигитално земјоделство“, панел-дискусија „Дигитализација во земјоделството – Предизвици и можности за македонскиот земјоделско-прехранбен сектор“ (https://search.yahoo.com/search?fr=mcafee&type=E210US739G0&p=%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%A4%D0%95%D0%A0%D0%95%D0%9D%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90+%D0%98+%D0%9F%D0%90%D0%9D%D0%95%D0%9B+%D0%94%D0%98%D0%A1%D0%9A%D0%A3%D0%A1%D0%98%D0%88%D0%90+%E2%80%93+%D0%94%D0%B8%D0%B3%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0+%D0%B2%D0%BE+%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE+%E2%80%93+%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B8%D1%86%D0%B8+%D0%B8+%D0%BC%D0%BE%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8+%D0%B7%D0%B0+%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82+%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%85%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B1%D0%B5%D0%BD+%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80) и други настани .

Како резултат на сите овие активности, од оваа учебна година, на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, за прв пат почнува да се реализира настава на новата акредитирана студиска програма - Дигитално земјоделство, која е единствена од ваков вид во земјава. Станува збор за интердисциплинарна студиска програма, која е развиена во соработка со 3 факултети од техничките науки и тоа Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) и Машинскиот факултет, сите од УКИМ. При тоа, студентите запишани на оваа програма, покрај предметите од доменот на земјоделските науки и храната, ќе изучуваат и предмети од трите технички факултети, на кој начин ќе се создаде т.н. модерен земјоделски инженер, кој ќе има напредни познавања од дигиталните технологии. Имено, студентите ќе стекнат знаења и вештини кои од една страна го дефинираат профилот земјоделски инженер, но истовремено и напредни знаења за дигиталните технологии, при што ќе научат како да ги собираат, анализираат и користат дигиталните податоци, односно да применуваат дигитални решенија во земјоделството.
За успешно реализирање на студиската програма клучна е и новотворената Лабораторија за дигитално земјоделство, која е опремена од донатори на Факултетот (ИМЕ, СВГ, ГИЗ), која главно ќе се користи за реализација на наставата.

**Прилози**
1.3.А Одлука за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (1.1Ѓ)
1.3.Б Одлука за именување членови во Совет за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (1.1.Е)
1.3.В Номинации на лица за одбор за соработка и доверба со јавноста

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје има формирано Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет на Факултетот, надлежни за оцена на состојбите и давање препораки и мерки за подобрување на квалитетот на установата.

**Прилози**
1.4.А Одлука за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (1.1Ѓ)
1.4.Б Одлука за именување членови во Совет за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (1.1Е)
1.4.В Записници од одржани седници на Комисија за самоевалуација

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Основна цел на процесот на самоевалуација на Факултетот е да се направи реална проценка на квалитетот на наставно-образовниот процес на првиот, вториот и третиот циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје и научно-истражувачката работа. Преку анализа и критична проценка на сите клучни елементи (студиски програми и нивна актуелност, компетентен наставно-научен и соработнички кадар, наставно-образовна дејност, научнои-стражувачка дејност, студенти, просторни и материјални ресурси, надворешна и меѓународна соработка и финансирање), како и со помош на анализата на заканите, можностите, слабостите и предностите можат да се детектираат силните и слабите страни на процесите и да се предложат мерки за нивно подобрување, релативизирање или целосно отстранување.<br>Последните два извештаи за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (прилози 1.5.А и 1.5.Б) се објавени на веб-страната на Факултетот и опфаќаат период од три учебни години:<br>1.5.А - Извештај за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (2020 - 2023)<br>Линк до извештајот:<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/samoevaluacija/2020_2023/izvestajsamoevaluacija2020_2023_250424.pdf<br>1.5.Б - Извештај за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (2017 - 2020)<br>Линк до извештајот:<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/samoevaluacija/2017_2020/izvestajsamoevaluacijafinal_2017-2020.pdf | |
| **Прилози**<br>1.5.А - Извештај за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (2020 - 2023)<br>1.5.Б - Извештај за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (2017 - 2020) | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| До денес, на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје не е направена надворешна евалуација. Надворешна евалуација е направена единствено на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје како целина, во рамките на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), во текот на 2015 година. Повратна евалуација е реализирана во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (SDISP) преку Министерството за образование и наука во 2017 година и извештајот од истата е достапен на следниов линк:<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/NE-2018-UKIM-EN.pdf | |
| **Прилози** | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Основна дејност на Факултетот за Земјоделски науки и храна-Скопје е наставно-образовната дејност, што е нагласено во актот за основање, визијата, мисијата на факултетот и други документи. Имајќи го предвид претходното, креирањето, одобрувањето и следењето на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии е од исклучителна важност со цел да се овозможи континуирано унапредување на образованиот процес на сите циклуси студии. Притоа, постојано се следат сите актуелни трендови во областа на земјоделството и производството на храна, со што студентите по завршувањето на студиите се целосно подготвени да одговорат на потребите на стопанството и на пазарот на труд. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот е регулирана во согласност со Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии изготвени од Одборот за акредитација на високото образование. Постапката за акредитација се спроведува на пет години за студиските програми од прв, втор и трет циклус студии и започнува една година пред истекот на тековната акредитација. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 256/22) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиската програма.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>2.1.А - Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18)<br>2.1.Б - Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 256/22)<br>2.1.В - Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклис студии<br>2.1.Г - Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклис студии<br>2.1.Д - Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на трет циклис студии<br>2.1.Ѓ – Образец за акредитација на студиски програми на прв циклус студии<br>2.1.Е – Образец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии<br>2.1.Ж – Образец за акредитација на студиски програми на трет циклус студии</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат пренесливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите акредитирани студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии на факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје се меѓународно компатибилни. Содржината на студиските програми е правилно осмислена и детално опишана и релевантна за целта на програмата, што резултира со постигнување на резултатите од учењето. Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и соодветни вештини, кои влијаат и врз нивниот личен и професионален развој. Факултетот организира студии од три циклуси на студии: прв циклус-додипломски студии во траење од четири години, втор циклус-постдипломски студии (едногодишни) и трет циклус студии-докторски студии, на следните студиски програми:</td></tr>
</table>

Студиски програми на прв циклус на студии
Поледелство, Заштита на растенијата-Фитомедицина, Градинарство и цвеќерство, Овоштарство, лозарство и винарство, Анимално производство, Производство и преработка на земјоделски производи и храна, Агроекономика, Агроекологија, Квалитет и безбедност на храна, Хортикултура и Дигитално земјоделство

Студиски програми на втор циклус на студии
Одржливи технологии во поледелството, Лозарство и винарство, Одржливо овоштарско производство, Технологија на производи од анимално потекло и нутриционизам, Менаџмент на почви и води, Одржливи технологии во градинарството и цвеќарството, Преработка на овошје и зеленчук, Квалитет и безбедност на храна, Агроекономика и рурален развој, Одржливо анимално производство и Фитомедицина.

Студиски програми на трет циклус на студии
Растителна биотехнологија, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Менаџмент на природни ресурси и животна средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на земјоделски производи, Заштита на растенијата-Фитомедицина

Во сите студиски програми се застапени јасни и прецизни цели и се фокусирани кон студентот, со цел негово обезбедување со знаења, способности и вештини кои се во согласност со профилот на кадар кој го дефинира соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите. За секоја студиска програма се јасно дефинирани дескрипторите на квалификации со кои студентот се стекнува по завршување на образовниот циклус. За сите предметни програми (задолжителни и изборни) јасно се наведени целите, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршувањето, содржината на предметната програма, методите на учење, начините и критериумите за оценување на знаењата, како и методот на следење на квалитетот на наставата. Во секоја предметна програма јасно е наведена основната и дополнителната литература потребна за совладување на материјата предвидена со предметната програма. Сите горенаведени елементи се претставени во елаборатите за акредитираните студиски програми, дадени во Прилог 2.2.

Сите студиски програми се осмислени и креирани со цел да се оспособат кадри кои ќе можат да одговорат на барањата на пазарот на трудот, земјоделско-прехранбениот сектор, како и на потребите на јавните/државни институции од соодветниот сектор. Дел од студиските програми постојат од самото основање на Факултетот, а останите се развивани и акредитирани во текот на годините согласно потребите и барањата на стопанството.
Дипломите од сите три циклуси студии на ФЗНХ се признати речиси во сите држави во светот, бидејќи истите се компатибилни со студиските програми кои се изучуваат на странските универзитети од областа на земјоделството.

**Прилози**

2.2.А Прв циклус студии Поледелство
2.2.Б Прв циклус студии Заштита на растенијата-Фитомедицина
2.2.В Прв циклус студии Градинарство и цвеќерство
2.2.Г Прв циклус студии Овоштарство, лозарство и винарство
2.2.Д Прв циклус студии Анимално производство
2.2.Ѓ Прв циклус студии Производство и преработка на земјоделски производи и храна
2.2.Е Прв циклус студии Агроекономика
2.2.Ж Прв циклус студии Агроекологија
2.2.З Прв циклус студии Квалитет и безбедност на храна
2.2.Ѕ Прв циклус студии Хортикултура
2.2.И Прв циклус студии Дигитално земјоделство
2.2.Ј Втор циклус студии Одржливи технологии во поледелството
2.2.К Втор циклус студии Лозарство и винарство
2.2.Л Втор циклус студии Одржливо овоштарско производство
2.2.Љ Втор циклус студии Технологија на производи од анимално потекло и нутриционизам
2.2.М Втор циклус студии Менаџмент на почви и води
2.2.Н Втор циклус студии Одржливи технологии во градинарството и цвеќарството
2.2.Њ Втор циклус студии Преработка на овошје и зеленчук
2.2.О Втор циклус студии Квалитет и безбедност на храна
2.2.П Втор циклус студии Агроекономика и рурален развој
2.2.Р Втор циклус студии Одржливо анимално производство
2.2.С Втор циклус студии Фитомедицина
2.2.Т Трет циклус студии Растителна биотехнологија
2.2.Ќ Трет циклус студии Анимална биотехнологија

| | |
|---|---|
| 2.2.У Трет циклус студии Агроекономика<br>2.2.Ф Трет циклус студии Менаџмент на природни ресурси и животна средина во земјоделството<br>2.2.Х Трет циклус студии Квалитет и безбедност на земјоделски производи<br>2.2.Ц Трет циклус студии Заштита на растенијата-Фитомедицина | |
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Сите студиски програми се дизајнирани со цел да одговорат на потребите на општеството и економијата, глобалните трендови во земјоделството и производството на храна, и следејќи ги примерите од реномираните универзитети од областа во светот. На тој начин студентите во текот на студирањето се подготвуваат во целост да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавен сектор, да се вклучат во процесите на примарно земјоделско производство или производство на храна, како и да се оспособат да предводат развојни проекти. Во согласност со член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на Факултетот и релевантни претставници од деловната заедница. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста редовно одржува состанови според соодветен дневен ред, за секој сотанок се води запосник и како резултат на изјаснувањето на членовите на Одворот се изготвува мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата. Сите акредитирани студиски програми на сите циклуси студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста, кое е вклучено во состав на елаборатот. | |
| **Прилози**<br>2.3.А - Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) (2.1.А)<br>Сите елаборати на студиските програми се дадени во Прилог 2.2.<br>2.3.Б Покана за состанок на Одборот за соработка и доверба со јавноста и записник од одржана седница<br>2.3.В Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (претставници од стопанството, државните органи и други организации). Собраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се внесат актуелните трендови и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо-образован кадар од областа на земјоделството и храната. Како пример и најдобра практика за соработка со студентите и бизнис заедницата може да се издвои практиката на спроведување анкети. Имено, пред подготовка на елаборатите за акредитација/реакредитација на студиските програми дел од вработените на Факултетот комуницираат со студентите и претставниците на компаниите од областа на земјоделството и храната (најчесто преку спроведување анкети) со цел да добијат информации за резултатите од студирањето од дипломираните студенти, за квалитетот на студиската програма во однос на практичната примена на знењата, за тоа колку стекнатите знаења на студиската програма им помогнале при вработувањето и им помагаат во извршување на работата, колку стекнатите знаења и вештини го поддржуваат и овозможуваат нивниот личен и професионален развој, колку се задоволни од студиската програма, нивни предлози за подобрување на студиската програма, кои знаења и вештини би можеле дополнително да се опфатат во студиската програма и сл. Претставниците на стопанството ја искажуваат својата потреба од специфичен кадар и кои знаења и вештини истиот би требало да ги поседува. Добиените податоци и информации се анализираат, а програмите соодветно се прилагодуваат со цел да се задоволат потребите на пазарот на труд, развојните потреби на стопанството и светските трендови, со цел да се овозможи конкурентност на дипломираните студенти во однос на стекнатите знаења и вештини за профилот за кој стекнуваат високо-образовни квалификации преку конкретната студиска програма. | |
| **Прилози**<br>2.4.А Вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиските програми<br>2.4.Б Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми | |

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

При структурирањето на секоја поединечна студиска програма се цели да се применат најдобрите светски искуства од образовните процеси во областа на земјоделството и храната. При изработката на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии особено се води сметка да се постигне меѓународна препознатливост на програмите со примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на истите.

Во сите предметни програми во Елаборатите за сите студиски програми е прикажана основната и дополнителната литература, која е од најнов датум и од реномирани експерти од соодветната област. Речиси во секоја предметна програма на прв циклус студии, во дополнителна литература е вклучена странска литература, а во предметните програми на втор и трет циклус студии е внесена и како основна литература. На одредени предметни програми се ангажирани наставници од други Факултети на Универзитетот (Маркоски Ѓорѓи – ПМФ, Ристе Попески Димовски – ПМФ, Лазо Пендовски – ФВМ, Владимир Каранаков – ФДТМЕ, Билјана Наумоска Саракинска – ФЛФ Блаже Конески, Слободан Калајџиски, Весна Димитриевска Ристовска, Сашо Граматиков – ФИНКИ, Минчев Иван – ШФ Ханс Ем, Славица Новачевска – ФЗОСЗ и други).

При изработката на Елаборатите за студиските програми особено се посветува внимание за усогласување со програмите од различни универзити рангирани на Шангајската листа на универзитети, како и со програмите на реномирани универзитети во Европа: Универзитет во Милано, Италија; Универзитет во Вагенинген, Холандија; Чешки универзитет за животни науки, Факултет за Агробиологија, храна и природни ресурси, Чешка; Универзитет во Манитоба, Канада; Универзитет во Вермонт, САД; Универзитет за ветеринарни науки во Брно, Чешка; Универзитет за природни науки и технологии во Литванија; Кралски Универзитет во Белфаст, Велика Британија; Универзитет во Белград, Технолошко-металуршки факултет, Србија; Универзитет за прехранбени технологии во Пловдив, Бугарија, Универзитетски колеџ Даблин, Ирска; Универзитет во Дебрецен, Унгарија; Универзитет во Загреб, Агрономски факултет, Хрватска; Универзитет во Белград, Земјоделски Факултет-Белград, Р Србија; Универзитет во Сараево, Земјоделско-прехранбен факултет, Босна и Херцеговина; Земјоделски универзитет на Атина, Факултет за растително производство, Школа за земјоделско производство, инфраструктура и животна средина, Грција; Универзитет во Нови Сад, Земјоделски Факултет – Нови Сад, Р. Србија; Универзитет A&M Texas, САД; Шведски универзитет за земјоделски науки Упсала, Шведска; Земјоделски Универзитет во Краков, Р Полска; Olds College of Agriculture & Technology Канада; Purdue University, College of Agriculture, САД; University of Saskatchewan, College of Agriculture and Bioresources, Канада; Универзитет Улудаг, Земјоделски факултет-Бурса, Република Турција; Универзитет Банат за земјоделски науки во Тимисоара, Романија; Биотехнички факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија; Универзитет во Хохенхајм, Германија; Универзитет во Нотингем, Велика Британија; Хамболт универзитет во Берлин – Германија; HAS Универзитет за применети науки во Венло, Холандија; Каунас универзитет по применети науки во инжинерство на животната средина и шумарство во Кунас, Латвија; Државен универзитет Мичиген - САД Факултет за хортикултура и други. Сите овие елементи се прикажани во Елаборатите за секоја поединечна студиска програма (Прилог 2.2).

Во академската 2023/24 година во рамките на предметните програми како експерти и надворешни соработници, на покана предавања одржале повеќе гости предавачи од домашните компании кои работат во областа на земјоделството и храната и претставници од реномирани универзитети од странство (Чао Ченг, Кинеска академија на науки, Кина; Розалија Цвејиќ, Биотехнички факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија; Андреас Дрихутис, Земјоделски универзитет во Атина, Грција; Лари Хаделан, Земјоделски факултет, Универзитет во Загреб, Хрватска; Насија Томлекова, Теодора Јанева и Сибел Азиз, Селско-стопанска академија во Софија, Бугарија; Сањин Ивановиќ, Земјоделски факултет, Универзитет во Белград, Србија; Борис Беречич, Гордана Буквич, Мери Енглер, Горан Херман, Факултет за агробиотехнички науки „Јосип Јурај Штросмаер“, Универзитет во Осиек, Хрватска;, Марија Церјак, Земјоделски факултет, Универзитет во Загреб, Хрватска; Катарина Олсовска и Стефан Тур, Земјоделски универзитет во Нитра, Словачка.

**Прилози**

Сите елаборати на студиските програми се дадени во Прилог 2.2.

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности |

| | |
|---|---|
| стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми прецизно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и опфаќаат конкретни активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии. Очекуваното оптоварување му овозможува на студентот по сопствен избор да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава редовно се спроведува во организирана форма и соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот. Студирањето на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје е во согласно Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), и напредувањето на студентите се вреднува според освоените ЕКТС кредити. Степенот на оптовареноста на студентите се заснова врз нумеричко, т.е. квантитативно мерење и изразување, вклучувајќи го и вкупниот обем на активности потребни за успешно завршување на студиската програма. 1 ЕКТС – кредит одговара на 30 часа ангажман на студентот, а за секоја предметна програма ЕКТС-кредитите се распределени на часови потребни за предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа, самостојно учење итн. 60 ЕКТС-кредити претставуваат оптимален обем на оптовареност за една академска година, односно 30 ЕКТС-кредити се еквивалент за еден семестар. Согласно претходното, оптоварувањето на студент на прв циклус студии на Факултетот изнесува 240 ЕКТС, распоредени во четири студиски години по 60 кредити, 60 ЕКТС на втор циклус студии (едногодишни) и 180 ЕКТС на трет циклус студии.

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје има склучено бројни договори за изведување практична настава за студенти. Центарот за кариера редовно соработува со преку 200 компании од областа на земјоделството и храната, каде главно преку ангажирање на студентите во различни периоди од годината, а во согласност со потребите и побарувачката на компанијата, се реализира задолжителна 30 дневна пракса. Во најновите акредитирани студиски програми на прв циклус студии, целиот осми семестар е наменет за практична настава на студентите. Практичната настава се изведува во лабораториите на Факултетот, во Опитно Поле ФЗНХ Скопје, во голем број приватни компании од секторот и во јавни/државни институции. Во рамки на практичната настава, студентите совладуваат различни земјоделски практики, техники, методи и технологии, како во примарното растително и анимално производство, така и во секундарното производство, односно преработувачката индустрија (https://www.fakulteti.mk/news/20082021/profesor-d-r-ljubica-karakashova-i-docent-d-r-frosina-babanovska-milenkovska-od-institutot-za-hrana-proizvodstvoto-na-hrana-pretstavuva-sostaven-del-na-bezbednosta-na-sekoja-zemja; https://www.opitnopole.mk/info/)

**Прилози**

2.6.А Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности

2.6.Б Линк до Центар за кариера http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/centar-za-kariera.html

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на веб страната на Факултетот и истите целосно кореспондираат со официјалните записи.

Линк до веб страна каде се објавени наведените информации:

http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/dodiplomski/

http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/magistarski/

http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/doktorski-studii/

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | и очекуваните резултати. |

Во последните пет години е извршена акредитација или повторна акредитација на сите активни студиски програми на Факултетот (дадени во Прилог 2.2) на сите циклуси студии со цел да внесат актуелните трендови во струката и да се задоволат потребите на студентите и стопанството. Информациите за сите акредитирани студиски програми, се објавени на веб страната на Факултетот, и се достапни за сите заинтересирани страни.
Наставата на Факултетот се спроведува редовно, согласно претходно утврден Календар на активности и Распоред на часови кои се објавени на веб страната на Факултетот. На Факултетот се користат формулари за следење на редовноста на наставата, кои на крајот од секој семестар се доставуваат до Продеканот за настава. Изведувањето на наставата е предмет и на оценување од страна на редовните студенти, преку анкета, во секој семестар. Резултатите од анкетата редовно се комуницираат со секој професор поединечно со цел секој да може да се унапреди. Резултатите од спроведените анкети на Факултетот се дадени во прилог 1.2.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Статистичките податоци за бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн. редовно се следат и системски се анализираат врз основа на добиените резултати за секоја студиска програма, со цел да се согледаат состојбите и да се отстранат одредени недостатоци. Генерално, може да се констатира дека интересот за упис на студенти на Факултетот е незадоволителен, но сепак, преку воведување нови студиски програми, би можело да се очекува поголем интерес.

**Прилози**
2.9.А Статистички податоци
2.9.Б Просечни оценки по предмети
2.9.В Причини за напуштање на студиите

# Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

На Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје се воспоставени внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите, опишани во Стандард 1, Индикатор 1.1.
Како дел од механизмите за развивање и одржување на квалитетот на наставата претставува и вертикалната и хоризонталната поставеност на управување на Факултетот преку ННС, Деканатска управа, Декан со продекани, раководителите на Институти, координаторите и раководителите на прв, втор и трет циклус на студии, различни Комисии кои се задолжени за наставата на сите циклуси на студии, наставници, соработници, лаборанти и друг помошен и админстративен кадар на ФЗНХ.
Универзитетските студии на ФЗНХ во состав на УКИМ се реализираат согласно со законските прописи за студирање на државните универзитети, Статутот на УКИМ, Статутот на ФЗНХ, според препораките на болоњскиот процес, кој предвидува приближување на високото образование кон крајните корисници, како и врз база на актуелните состојби во стопанството и во високото образование во државата. Наставата се изведува во согласност со акредитирани студиски програми на прв, втор и трет циклус студии, во кои се вклучени наставниот и соработничкиот кадар во зависност од научните полиња и области во кои се избрани.

| | |
|---|---|
| Во текот на студирањето, студентите покрај посетување на теоретската настава и лабораториски вежби согласно дефинираниот распоред на часови, учествуваат во изведување на задолжителна пракса, каде преку соодветни конкретни апликативни активности се соочуваат со предизвиците за изнаоѓање конкретни соодветни решенија. | |
| **Прилози**<br>3.1.А Статут на ФЗНХ<br>3.1.Б Статутарна одлука за измена и дополна на Статут на ФЗНХ 2021<br>3.1.В Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>3.1.Г Правилник за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>3.1.Д Информатор за студирање<br>3.1.Ѓ Етички кодекс на УКИМ | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Студиите од првиот циклус студии се изведуваат во текот на четири години или осум семестри, со по четири задолжителни и еден изборен предмет во текот на еден семестар, при што студентите се стекнуваат со 240 ЕКТС-кредити. Студиите на втор циклус се едногодишни, во кои се предвидени задолжителни и изборни предмети, во два семестри, при што студентите се стекнуваат со 60 ЕКТС-кредити. Во текот на студирањето се применуваат разни методи на учење: интерактивни предавања подржани со компјутерски и видео презентации со активно учество на студентите, преку дискусии и консултации. Практичната настава се реализира преку изведување на теренска настава и/или преку лабораториски вежби поврзани со содржината на предметната програма. Покрај тоа, се применуваат и други форми на активности за студентите, со изработка на проектни задачи, самостојни задачи, домашно учење, семинарски работи и други активности. Проверката на знаењето се врши преку квизови, парцијални тестови за проверка на знаење и завршен испит, усмен и/или писмен. Студиите од трет циклус или докторските студии опфаќаат активна истражувачка работа под менторство, траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС-кредити. Начинот на изведување на наставата, условите за напредување во текот на студиите, начинот на проверка на знаењата, запишувањето предмети и другите обврски согласно со студиската програма (конференции, семинари и слично) се утврдуваат со студиска програма.<br>Дел од иновативните методи во изведувањето на наставата, кои се применуваат на голем дел од предметните програми опфаќаат: студентот во центарот на наствата преку активно учество во процесот на учење, примена на технологија преку инкорпорација на дигитални алатки, развивање на критичко мислење и вештини за решавање конкретни проблеми од областа, колаборативно учење преку тимска работа и соработка, со цел подобрување на социјалните и комуникациските вештини на студентите, примена на алатки за научно истражување и користење на теоријата за донесување практични решенија.<br>Сите студиски програми се организираат и се реализираат во согласност со Законот за високото образование, а се усогласени со правилата на Болоњскиот процес и со европскиот кредит-трансфер систем. Начинот на изведувањето и реализацијата на наставата се прикажани во Елаборатите за студиските програми дадени во Прилог 2.2. | |
| **Прилози** | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Во наставата по одредени наставни предмети се ангажираат надворешни лица, стручњаци од пракса, кои на студентите им посочуваат сопствени сознанија и искуства. Исто така, при изведување на компјутерски симулации или изведување на теренска настава или лабораториски вежби, на опитно поле или во производен погон, на студентите од страна на наставниот кадар и лицата од пракса може конкретно да се запознаат со одредени случаи | |

и да се понудат соодветни решенија. Интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите се од исклучително значење за совладување на материјата, при што се користат студии на случај, учење базирано на проекти и конкретни истражувања. На пример, во голем број предметни програми студентите активно учествуваат во споредување и оценување на сензорните карактеристики на одредени земјоделски, преку дегустација на овошје и зеленчук, преработки од овошје, зеленчук, млеко, месо, алкохолни и безалкохолни пијалоци итн. Исто така, студентите ги следат промените во квалитетот на земјоделските производи во текот на нивното постбербено чување.

Во рамките на предметот „Маркетинг на земјоделски производи", покрај тоа што студентите учат теоретски за пазарната анализа, тие активно се вклучуваат во примена на своето знаење преку практични проекти во тимови. Секој тим има задача да изврши анализа на одреден потсектор во земјоделството, што ги предизвикува студентите критички и креативно да размислуваат за реалните пазарни услови. Овој пристап поттикнува иновативност, бидејќи студентите сами одлучуваат како ќе ги презентираат своите резултати – преку креативни визуелни материјали, промотивни кампањи или дури и организирање на дегустации на производите кои ги анализираат. Компетитивниот елемент, каде најдобрите тимови се избираат преку гласање од нивните колеги врз основа на објективни критериуми, дополнително ги мотивира студентите да дадат максимум, подобрувајќи ги нивните способности за решавање на проблеми и презентација во динамична и ангажирана средина. Овој пристап промовира академско учење, но и развива важни меки вештини, како што се соработката, критичкото размислување и креативноста.

Во рамките на предметот „Однесување на потрошувачите", студентите имаат уникатна можност да бидат дел од истражувањата кои се спроведуваат во новоотворената Лабораторија за бихејвиористички и експериментални економски науки, прва лабораторија од ваков тип на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и во земјите од Западен Балкан. Преку учество, како дел од примерокот, студентите добиваат детално објаснување за процесот на создавање и спроведување на економски експерименти наменети за земјоделско-прехранбениот сектор. Покрај тоа, студентите имаат можност да работат на истражувања кои се дел од нивните дипломски, магистерски или докторски студии, со можност сами да дизајнираат економски експеримент и да го спроведат своето истражување користејќи експериментални економски методи. За ова им е овозможен пристап до современи софтверски алатки како што се Qualtrics и z-Tree, што им дава можност за детална анализа и професионален развој во областа на бихејвиористичките и експерименталните економски науки.

Во текот на наставата, предвидено е наставничкиот и соработничкиот кадар да водат евиденција преку пополнување на формулар за следење на редовност на наставата на студентите, во кој се наведува називот на предметот, за која студиска програма, датумот и видот на одржаното предавање, тематските содржини кои се предадени, име и презиме на наставникот, како и на секој студент кој е присутен на наставата, со број на индекс и насока, односно студиска програма по која е запишан студентот, а по барање на наставниот кадар се запишува и мејл адресата. Формуларот за следење на наставата е даден во Прилог 2.8.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Методите на оценување и испитување на студентите се наведени во елаборатите за студиските програми (Прилог 2.2). Прегледот на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од поединечните студиски програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн, се претставени во Прилозите 3.4.А и 3.4.Б. При формирање на конечната оценка на сите предмети на сите студиски програми на ФЗНХ во предвид се зема целокупната активност на студентот во текот на семестарот. Од тестови, студентот може да освои најмногу 60 бода, од семинарска работа/проект (презентација писмена и/или усна) најмногу 10 бода и активно учество во наставата најмногу 30 бода. Критериуми за оценување се следниве: до 50 бода-5 (F), од 51 до 60 бода – 6 (E), од 61 до 70 бода – 7 (D), од 71 до 80 бода – 8 (C), од 81 до 90 бода – 9 (B), од 91 до 100 бода – 10 (A).

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.4.А-Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа<br>3.4.Б-Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се вклучени во Елаборатите за секоја студиска програма, за секоја предметна програма и се објавуваат и навремено ажурираат на веб страната на Факултетот.<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/dodiplomski/<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/magistarski/<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/doktorski-studii/ | |
| **Прилози** | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Просечните оцени постигнати од студентите за секој предмет за академската година 2023/2024 година се дадени во табела 3.4Б во прилог 3.4.Б .<br>По завршување на испитот, резултатите се доставуваат до студентите најдоцна до 7 работни дена преку нивните активни факултетски адреси и/или се објавуваат на огласна табла. По објавување на оценките, студентот има право на увид за начинот и методите на оценување на студентите кај секој предметен професор. Оценката од знаењето и вкупната активност на студентот во согласност со пропишаните методи за секоја предметна програма се впишува електронски во iknow системот, во индексот и во пријавата за испит која е поднесена од страна на студентот.<br>Наставата за одредени предметни програми од студиските програми се изведува од страна на двајца или повеќе професори од иста или сродна област. Во ваквите случаи, полагањето на испитите се изведува кај сите професори ангажирани на предметот, со сопствени методи на оценување и завршната оцена ја одредуваат сите предметни наставници. | |
| **Прилози** | |
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. На интернет-страницата на Факултетот, достапен е банер за пријава на корупција на следниов линк: http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/prijavi-korupcija.html<br><br>Во изминатиот период не се поднесени пријави од студенти за корупција.<br>Актите во кои е регулирана постапката за спречување на корупција се дадени во прилог. | |
| **Прилози**<br>3.7.А Закон за заштита на укажувачите (Сл. весник на Република Македонија бр. 196/2015, 38/18)<br>3.7 Б Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор<br>3.7 В Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите<br>3.7 Г Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | |

## Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје има јавно достапни дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето. За условите, критериумите, правата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии), втор циклус студии (постдипломски студии) и трет циклус (докторски студии) Факултетот се води согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дополнително, уредена е и постапката за пријавување, изработка и одбрана на магистерски труд на Факултетот.<br>Линкови:<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/dodiplomski/<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/magistarski/<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/doktorski-studii/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>4.1.А- Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4.1.Б- Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје<br>4.1.В- Упатство за пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерски труд на втор циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје<br>4.1.Г- Анекс кон упатството за пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерски труд на втор циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна го следи и води евиденција за напредокот на студентот согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование, Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Согласно Законот за високо образование (Член 159) на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот за образование и наука. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.<br>Според горенаведените прописи се води студентско досие во хартиена и електронска форма каде што јасно може да се видат сите активности поврзани со напредокот на студентот низ студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите каде што се наведени сите информации, генералии и чекори за секој студент за време на студирањето.<br>Електронскиот систем преку кој Факултетот врши евиденција на напредокот на студентите, како и следењето на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на ФЗНХ, така и од секој поединечен студент е IKNOW системот кој редовно се ажурира .</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>4.2.А- Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии</td></tr>
</table>

(додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
4.2.Б- Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
4.2.В - Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) (2.1.А)
4.3 Г- Линк од IKNOW системот https://www.iknow.ukim.mk

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Во Правилниците објавени во Службен весник 102/2018 подетално се образложени и уредени напредувањето за време на студиите, преминувањето од една студиска програма во друга за време на студирањето, повторување на семестарот, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, продолжување на студиите по прекинување, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.
Информациите за определени образовни активности се достапни, а реализираната мобилност се евидентира и во студентското досие, кое го води службата за студентски прашања за секој студент. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно преку Еразмус програмите).
Во учебната 2023/24 година тројца студенти на прв циклус студии (Владимир Басариќ, Симона Кабранова и Филип Стојановски) имаат реализирано мобилности во рамките на CEEPUS програмата (формално образование) и практиканство (неформално образование) на Faculty of Agriculture and Life Sciences, Универзитет во Марибор, Словенија и Факултет за агробиотехнички науки Јосип Јурај Штросмаер, Универзитет во Осјек, Хрватска.
Согласно постоечката законска регулатива нема правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование и истото не преставува задолжителна обврска за студентите.

**Прилози**
4.3.А- Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
4.3.Б- Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
4.3.В - Правилници (Сл.В 102/2018)
4.3.Г- Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја објаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.
Во Законот за високо образование јасно е дефинирана рамката и содржината на Дипломата, уверението и додатокот на диплома, додека во посебен Правилник во Службен весник 102/2018 детално е утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.
Документацијата која ја издава Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје е целосно усогласена со постоечката законска регулатива.

**Прилози**
4.4.А - Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) (2.1.А)
4.4.Б - Правилници (Сл.В 102/2018)

## Стандард 5

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.</td><td>Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје континуирано се стреми да обезбеди компетентен наставен кадар за реализација на сите акредитирани студиски програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>5.1.А Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат<br>5.1.Б Одлуки за избор во звање<br>5.1.В Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на прв циклус на студии<br>5.1.Г Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на втор циклус на студии</td></tr>
<tr><td>5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.</td><td>Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставниот кадар ангажиран на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје резултатите од својата научно-истражувачка работа редовно ги објавува во референтни научните публикации. Истите се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии во рамките на секоја научната област.<br>Во текот на извештајниот период се објавени 11 труда со импакт фактор. Во категоријата на трудови кои немаат импакт фактор се објавени 12 труда, во категоријата труд со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји се објавени 5 труда. Во категоријата книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД има 2 публикации.<br>Бројот на објавени публикации по категории и листата на објавени трудови се дадени во прилог.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>5.2.А Број на објавени трудови во референтни научни публикации од страна на наставниот кадар во установата<br>5.2.Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации</td></tr>
<tr><td>5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.</td><td>Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.</td></tr>
<tr><td colspan="2">На Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје во редовен работен однос се 67 лица избрани во наставно-</td></tr>
</table>

---

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| научни и соработнички звања. Ниту еден од наставниците не е ангажиран на повеќе од 4 предмети по семестар, согласно законските одредби, што покажува дека оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен и доволен за реализација на квалитетна настава. | |
| **Прилози**<br>5.3.А Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал на сите циклуси на студии<br>5.3.Б Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на прв циклус на студии<br>5.3.В Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на втор циклус на студии<br>5.3.Г Доказ за вработени | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. При постапката за вработување, изборите и реизборите во звања, односно напредувањето на хаставно-научниот кадар, Факултетот ги применува утврдените критериуми во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за систематизација на работни места на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје. Процесот на избор на пријавените кандидати се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. | |
| **Прилози**<br>5.4.А Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје<br>5.4.Б Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања<br>5.4.В Линк до билтен<br>5.4.Г Правилник за систематизација на работни места на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | |
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје располага со зграда со површина од 10000 m2, во која се сместени 5 амфитеатри, 35 предавални, 3 компјутерски училници, над 50 лаборатории за наставна, научно-истражувачка и апликативна дејност, 180 кабинети за наставниот кадар и администрацијата, сали за состаноци, библиотека и друга инфраструктура потребна за нормално изведување на образовните и научните активности во согласност со постоечките нормативи и стандарди, како и опремена просторија за надворешните професори.<br>Факултетот располага со современа компјутерска мрежа со еквивалентен број на интернет-приклучоци или Wi-Fi конекција за сите вработени, како и слободен пристап до Wi-Fi конекција за студентите на Факултетот. Во последната декада Факултетот постојано и навремено се грижи за подобрување и одржување на компјутерската мрежа и серверот, преку обновување на опремата во компјутерскиот центар и во сите простории на Факултетот.<br>Наставниот кадар располага со информатичка опрема, има пристап до релевантни електронски бази од областа во која работи, соодветни просторни услови за одржување на теоретската и практичната настава, опремени лаборатории за изведување лабораториски вежби, како и други ресурси релевантни за нивната работа. | |

Административниот кадар е исто така целосно обезбеден со просторни капацитети и компјутерска опрема неопходни за непречено изведување на работните задачи. Факултетот секоја година обезбедува канцелариски материјали за сите вработени.

**Прилози**
5.5.А Преглед и опис на просторни услови
5.5.Б Попис
5.5.В Линкови до електронски бази

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје континуирано се стреми кон обезбедување можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира да ги надградува своите вештини и знаења, организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за унапредување на нивните педагошки и технички вештини. Во рамките на HEAL-in–ONE, Erasmus+ Project No 2021-1-RS01-1-KA220-HED-000032054, е организирана обука/тренинг насловен Development of a bank of a scenario for teaching and creating continuous support for the improvement of ALT in HEIs, на која од Факултетот активно учествуваа проф. д-р Елизабета Мискоска Милевска, проф. д-р Катерина Беличовска, проф. д-р Миле Маркоски, проф. д-р Душица Санта и асс. м-р Александра Силовска Николова.

Факултетот секоја година издвојува 40% од своите сопствени приходи кои наставниот кадар може да ги користи за дополнително усовршување и објавување трудови во списанија со фактор на влијание.

**Прилози**
5.6 Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Факултетот во текот на секоја учебна година ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на различни предмети предвидени во студиските програми. Нивниот профил е релевантен за тематиката која се обработува во рамките на студиската програма и на истата и носи додадена вредност.

За академската 2023/2024 година, ННС на ФЗНХ донесе предлог-одлука, а Ректорската управа даде согласност за ангажирање на следниве визитинг професори:

- Проф. д-р Чао Ченг, Кинеска Академија на науки, Кина.
- Проф. д-р Розалија Цвејиќ, професор на Универзитетот во Љубљана, Биотехнички факултет, Словенија.
- Проф. д-р Андреас Дрихутис, Земјоделски Универзитет во Атина, Грција.

**Прилози**
5.7.А Листа на визитинг професори
5.7.Б Биографии

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје ја поттикнува научна работа на наставно-научниот и соработничкиот кадар, со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Ваквиот систем резултира со голем број потпишани договори за соработка со институции од областа, факултети и со приватни компании и истиот е функционален и ефикасен. Истовремено, Факултетот ја зајакнува научната работа преку овозможување

| | |
|---|---|
| мобилности за наставниот кадар преку програмите Еразмус, ЦЕЕПУС, како и тренинзи и обуки во рамки на меѓународните проекти кои се реализираат на Факултетот. | |
| **Прилози** | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје организира и реализира континуирани обуки и тренинзи за вработените во насока на унапредување на постојните и воведување на нови методи за настава. Различни платформи се користат за споделување на информации, презентации, материјали и видеа, во насока на олеснување на совладувањето на предметната материја за студентите. Во рамките на одредени предметни програми се користат иновативни техники, алатки и софтвери, како што се Socratic method, Blended learning, Mentimeter, Flipped classroom и др. за иновативни начини на учење, Qualtrics, z-Tree, Structure, DARwin, R за моделирање, анализирање и презентација на податоците, и др. Во мај 2023 година, Факултетот основа и Центар за унапредување на квалитетот на учењето и наставата во рамките на проектот Еразмус+ со наслов: Од дигитална технологија до образовна алатка: Унапредување на квалитетот на активното учење во земјоделските научни дисциплини во услови на онлајн и хибридна средина. | |
| **Прилози**<br>5.9. Одлука за формирање Центар за унапредување на квалитетот на учењето и наставата | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Во етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е предвидено дека не се манипулира со научните сознанија, ниту се користат за нехумани и неетички цели. Истовремено, предвидени се и санкции за таквите постапки, меѓу кои најстрого се осудува плагијаризмот.<br>Системот за плагијати не предвидува проверка на учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата. Единствено се проверуваат магистерските и докторските трудови. | |
| **Прилози**<br>5.10 Етички кодекс | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научно-истражувачката работа на вработените на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје е регулирана во Статутот на УКИМ и Статутот на ФЗНХ. | |
| **Прилози**<br>5.11А Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>5.11Б Статут на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје<br>5.12В Правилник за избор во звања | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| Научно-истражувачката работа на Факултетот е во насока на унапредување на знаењата и вештините од различни области на земјоделството и производството на храна и истата кореспондира со националните развојни цели, и е во функција на социо-економскиот и културниот раст во општеството. На Факултетот редовно се споделуваат информации за отворени повици за апликации на проекти од различни донаторски програми и други информации во врска со научно-истражувачката работа. Во моментот на Факултетот се спроведуваат активности во рамките на голем број меѓународни проекти, во кои покрај наставниот кадар се вклучени и студентите. Резултатите и најдобрите практики се споделуваат со пошироката јавност и се во функција на подобрување на целокупниот | |

| |
|---|
| земјоделско-прехранбен сектор во државата.<br>Некои конкретни примери:<br>Можности за вработување во земјоделскиот сектор – состојба и препораки за примарните производители, агробизнис секторот и младите од Пелагониски регион, се едни од резултатите на проектот Иновации во агробизнисот: Пат за одржлив економски развој – Renaissance, финансиран од програмата Interreg IPA CBC, имплементиран од Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје во соработка со Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството (АПРЗ), под координаторство на Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска. Презентацијата на резултатите, како и обуката за советниците од АПРЗ беа реализирани од страна на дел од експертите во проектот.<br><br>Во рамките на осмото издание на традиционалниот настан „Пчеларски ден-знаење и дружење“, пред повеќе од 160 гости меѓу кои делегација од Амбасадата на Народна Република Кина во Македонија, претставници на владини институции, компании, граѓански здруженија и одгледувачи на пчели од Македонија и регионот, беа прикажани повеќе презентации со информативно-едукативна содржина. Проф. д-р Александар Узунов, раководител на повеќе проекти од областа на пчеларството, го презентираше методот за прстенување на матици како можност за прекин на легло кај пчелните семејства, техника која за европските пчелари е нова, додека пчеларите во Кина со децении ја применуваат.<br>https://macbee.mk/%d0%be%d0%b4%d1%80%d0%b6%d0%b0%d0%bd-%d0%bd%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%be%d1%82-%d0%bf%d1%87%d0%b5%d0%bb%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b4%d0%b5%d0%bd-%d0%b7%d0%bd%d0%b0%d0%b5%d1%9a/<br><br>Во рамките на соработката со националната генбанка на Холандија, проф. д-р Соња Ивановска, проф. д-р Мирјана Јанкуловска и асс. м-р Надица Сандева Атанасова, заедно со соработниците и студентите од ФЗНХ ги реализираат активностите за карактеризација и зачувување на македонските локални сорти<br>https://faktor.mk/makedonsko-neprocenlivo-bogatstvo-zasadeni-se-400-primeroci-lokalni-sorti-grav--koja-e-krajnata-cel-<br>https://www.smartportal.mk/aktuelno/konferencija-hranata-i-novite-tehnologii/<br><br>Обезбедена е лабораториска опрема и најсовремени пластеници за Опитното поле на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје, набавени во рамки на Проектот MAK5010 - Improving dry bean productivity and tolerance to diseases and drought by use of nuclear techniques, финансиран од International Atomic Energy Agency (IAEA), а под раководство на проф. д-р Мирјана Јанкуловска. |
| **Прилози**<br>5.12 Годишен извештај за работата на Факултетот |

## Стандард 6

| **СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| ФЗНХ ја води сметководствената евиденција и ги составува и поднесува финансиските извештаи во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и други прописи, како и прифатените сметководствени стандарди, принципи и практика. Главен извор на податоци за согледување на финансирањето на ФЗНХ претставува завршната сметка, пред сѐ билансот на приходите и трошоците, заедно со извештајот за финансиското работење и финансискиот | |

резултат на субјектот, кои се изготвуваат за периодот на една календарска година (1.1-31.12) за буџетската сметка (603), како и за сметките 788 (сопствени приходи) и 631 (закупнини).

Во согласност со позитивните законски прописи, финансирањето на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје се одвива на два начини: со буџетски трансфери и со сопствени средства. Согласно последната завршна сметка за календарската 2023 година, вкупните приходи на Факултетот изнесувале 131.781.345 денари, од кои 97.102.307 се средства од Министерството за образование и наука (сметка 603), 34.591.020 се сопствени приходи од самофинансирачки активности (сметка 788) и 88.018 се приходи од закупнини (сметка 631).

За поттикнување на научно-истражувачката работа, Факултетот секоја година издвојува 40% од сопствените приходи.

**Прилози**

6.1.А Финансиски планови
6.1.Б Финансиски извештаи
6.1.В Одлука за плати и надоместоци
6.1.Г Одлука 40%

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Факултетот за земјоделски науки и храна располага со површина од вкупно 10000 m2 и тоа:

- пет амфитеатри со капацитет за 680 студенти со вкупна површина од 590 m2;
- дваесет и шест предавални за настава со вкупна површина од 712 m2, со капацитет во просек за околу 30 студенти;
- девет специјализирани наставни простории - предавални со вкупна површина од 272 m2, опремени со апаратура за изведување на соодветни анализи;
- 50 лаборатории со вкупна површина од 2000 m2, за изведување на наставна, научно-истражувачка и апликативна дејност;
- 180 кабинети со вкупна површина од 2156 m2, за наставно-научни работници и соработници, административни простории и кабинети во Деканатот со вкупна површина од 220 m2;
- две сали за состаноци со вкупна површина од 260 m2;
- една просторија за Студентскиот парламент со површина од 40 m2
- три компјутерски сали со преку 30 компјутери со вкупна површина од 130 m2;
- просторија за Библиотека (централна) и две специјализирани простории како депоа за библиографски единици со вкупна површина од 300 m2

Амфитеатрите и предавалните на Факултетот за земјоделски науки и храна ги исполнуваат највисоките стандарди за одвивање на наставата. Во сите амфитеатри и предавални е инсталирана или е на располагање модерна техника наменета за ефикасно изведување на наставата (видеопроектори, фиксни и подвижни компјутери, безжичен интернет и друго).

На Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје функционираат 39 лаборатории. Одреден број од овие лаборатории се опремени со современа и модерна опрема, што ги прави препознатливи не само во рамки на нашата држава туку и пошироко во регионот. Но, има и дел од лабораториите на Факултетот кои располагаат со скромна и прилично амортизирана опрема. Заради тоа, во наредниот период е предвидено нивно реновирање и осовременување.

Основната дејност на лабораториите е практично изведување на наставно-образовната (лабораториска настава), научно-истражувачката (експериментални лабораториски истражувања и опити) и апликативната дејност.

Факултетот за земјоделски науки и храна, согласно законските обврски, го интензивира процесот на акредитација на методите што се користат во одредени лаборатории, според стандардот ISO 17025. Во моментов акредитирани се 30 методи во 7 лаборатории и тоа:

- Лабораторија за анализа на храна за животни, со вкупно 12 акредитирани методи (Л-01),
- Лабораторија за млеко и млечни производи, со вкупно 2 акредитирани методи (Л-02),

Лабораторија за испитување на квалитет на семиња од земјоделски растенија, со вкупно 5 акредитирани методи (Л-03),

Лабораторија за анализа на почва и ѓубрива, со вкупно 11 акредитирани методи (Л-04),

Лабораторијата за тутун и тутунски производи, со вкупно 3 акредитирани методи(Л-05),

Лабораторијата за испитување на грозје, вино, и алкохолни пијалоци со вкупно 9 Акредитирани методи (ЛО6),

Лабораторија за хемиска анализа на примарни земјоделски производи и нивни преработки (ЛО7).

Во состав на Факултетот за земјоделски науки и храна се наоѓаат и три компјутерски сали каде што се изведува соодветна настава и каде што студентите имаат слободен пристап до интернет. Во моментов, целокупниот активен простор на Факултетот е покриен со слободен пристап до безжичен интернет. Факултетот за земјоделски науки и храна има факултетска библиотека која е формирана уште од неговото основање. Во склоп на факултетската библиотека постои читална која секојдневно е на располагање на студентите за подготовка на испитите, но и за пребарување на странска литература преку слободните бази на податоци, поврзана со проблематиката која се изучува на Факултетот, за пишување семинарски работи, дипломски, магистерски или докторски трудови и др.

**Прилози**

6.2 А - Пописна листа од евиденција на основни средства (вклучително информатичка опрема наменета за студентите) (5.5.Б)

6.2 Б - Извештај од последната ревизија на библиотечен фонд

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Работата на помошните/административните служби на факултетот е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација. Одделението за студентски прашања е достапно на службените телефони и електронски адреси, кои се јавно објавени на веб страницата на Факултетот, секој работен ден до 18.00 часот. За студентите кои не можат да ги завршат своите обврски во текот на работното време, Одделението за студенски прашања овозможува флексибилност во смисла на закажување темнини надвор од работното време. Бројот на вработени во помошните/административните служби не е доволен за непречено извршување на работните задачи, а нивниот профил е соодветен за работните задачи кои ги извршуваат. Најголем дел од вработените во стручно-административната служба се привремено вработени и постои неизвесност и несигурност во контекст на континуитетот на работата и институционалната меморија. Истовремено, голем дел од нив ги напуштаат работните места на Факултетот откако ќе најдат сигурна работа.

Составот и бројот на вработени во стручно-административната служба на Факултетот е прикажана во Правилникот за систематизација на работните места на ФЗНХ. На помошниот и административен кадар Факултетот му овозможува развој на сопствените компетенции, согласно специфичните потреби.

**Прилози**

6.3 А - Правилник за систематизација на работните места Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје

6.3 Б - Листа на вработени во помошно административните служби на Факултетот

6.3 В - Листа на вработени во помошно-административните служби кои посетиле обука, курс или советување за стручно усовршување

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

На Факултетот тековно се реализираат неколку домашни и меѓународни научно-истражувачки проекти во кои се

| | |
|---|---|
| вклучени повеќе студенти запишани на прв, втор и трет циклус академски студии. Во учебната 2023/2024 година, на Факултетот се реализираат 9 меѓународни научно-истражувачки проекти во кои се вклучени вкупно 4 студенти запишани на трет циклус студии и 2 домашни проекти, кои се финансирани во рамките на Конкурсот за доделување на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти од УКИМ, во кои се вклучени вкупно 2 студента на трет циклус на студии. На факултетот се вклучени вкупно 8 студенти од втор циклус студии на 5 меѓународни научно-истражувачки проекти и 2 домашни проекти, како и 3 студенти од прв циклус на вкупно 4 меѓународни научно-истражувачки проекти. | |
| **Прилози**<br>6.4 Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје официјално функционира од 2014 година, и претставува составен дел од Центарот за кариера на УКИМ во Скопје. Негова основна цел е воспоставување на трајни врски меѓу студентите и субјектите од стопанството и пошироката општествена јавност. Во рамки на активностите кои се спроведуваат, Центарот за кариера на ФЗНХ обезбедува информации за студентите за можностите за практикантство и спроведување на практична настава во текот на студирањето, дава поддршка на студентите и дипломците во планирањето и насочувањето на нивната кариера. Студентите добиваат информации за стипендии, обуки, конференции и други можности за личен и професионален развој за креирање на својата кариера. Соработката на ФЗНХ со релевантни компании претставува клучен елемент за обезбедување пристап на студентите од академската средина до потенцијалните работодавачи и нивно понатамошно реализирање на пазарот на труд. Исто така, Центарот за кариера на ФЗНХ преку своите студенти го промовира факултетот пред новите генерации млади студенти за запишување и студирање на оваа високообразовна институција.<br>Контакт лице: Проф. д-р Ромина Кабранова, Раководител на Центар за кариера на ФЗНХ. | |
| **Прилози**<br>6.5. А - Линк до повеќе информации за Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна<br>6.5. Б - Приказ на активности на Центарот за кариера за периодот септември 2023-мај 2024 | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Во извештајниот период е воспоставена базата Алумни - ФЗНХ за регистрација и поврзување на сите генерации поранешни студенти на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, во состав на УКИМ во Скопје. | |
| **Прилози**<br>6.6. А - Линк до повеќе информации за алумни датабазата на Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје<br>6.6. Б- Линк за регистрација на алумни на Факултетот за земјоделски науки и храна | |
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на Факултетот преку Факултетското студентско собрание (ФСС). Членовите и претседателот на ФСС се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор. На 5.2.2024 г. студентите на ФЗНХ гласаа тајно за избор на Претседател и членови на ФСС на ФЗНХ. ФСС покрај Претседателот се состои од вкупно 10 члена, и тоа по 2 члена од редот на студентите од прва до четврта студиска година на прв циклус на студии и 2 члена од студентите | |

од втор циклус на студии .
Студентите на ФЗНХ преку свои претставници учествуваат во работата на Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот. Учеството на студентите во управувањето на факултетот е регулирано согласно Законот за високо образование, Статутот на УКИМ и Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје. Во Деканатската управа на Факултетот членува Претседателот на ФСС, додека во Наставно-научниот совет членуваат 6 претставници од ФСС. Студентите имаат свои претставници и во сите факултетски комисии.
Во рамките на ФСС редовно се организираат активности и настани, во кои студентите земаат активно учество. Во академската 2023/2024 година, ФСС организирало повеќе активности и настани, кои се прикажани во табела 6.7. Исто така ФСС на ФЗНХ учествуваше и во севкупните настани организирани од страна на УКИМ –Отворен ден и Кариерен ден на УКИМ, како и во активностите кои ги спроведува Центарот за кариера на ФЗНХ, во склоп на Центарот за кариера на УКИМ (промоција на Факултетот, промоција на земјоделската струка и значењето на производството на земјоделски растенија и храна преку активности за приближување до младите генерации - воннаставни активности на ученици од основните училишта, одбележување на Светскиот ден на животната средина со акција на Кампусот на факултети на ниво на Општина Гази Баба, соработки со наши поранешни дипломирани студенти, расчистување на просторот околу ФЗНХ со еколошки акции и одбележување на Денот на пролетта со акција за уредување на паркот, како и истражувачки активности и експерименти во чест на Светскиот ден на водата, засадување на родни дрвја во дворови на градинки, училишта и др. институции, под менторство на професори).
Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје на ФСС му отстапува на користење посебна канцеларија / простор без надомест. Дополнително, за потребите на функционирањето на Собранието и реализација на предвидените активности, факултетот става на располагање на членовите на собранието и други факултетски простории (амфитеатри, предавални, хол и сл.). Факултетот на барање на ФСС со одлука на деканатската управа, му одобрува и издвојува средства за финансирање на предвидените студентски активности, во рамките на сопствениот буџет. Во текот на учебната 2023/24 година поддржано е учеството на студентите на Агрономијада, дел со средства од ИКСА (120000.00) и дел од сопствени средства на Факултетот (30091.00), во вкупен износ од 150091.00.

**Прилози**
6.7. А - Линк до интернет страницата на ФСС на ФЗНХ
6.7. Б – Одлука за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на ФЗНХ
6.7. В - Записник од изборната комисија за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание
6.7. Г - Приказ на активности на Факултетското студентско собрание на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје за учебната 2023/24 г.
6.7.Д-Одлуки за формирање комисии на ФЗНХ

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна редовно се информираат за услугите и можностите достапни за време на студирањето преку содржини објавени на веб-страницата на факултетот и на социјалните мрежи. Тие исто така добиваат информации преку посети на промотивни настани и инфо сесии организирани од факултетот и преку Центарот за кариера. Дополнително, факултетот обезбедува информации преку промотивни материјали и различни публикации.

**Прилози**
6.8. А - Линк до интернет страницата на факултетот на која се објавуваат огласи, соопштенија и други актуелности од интерес за студентите

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

| | |
|---|---|
| студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | |

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, со вклучување на сите засегнати страни. Основен функционален систем преку кој Факултетот врши прибирање и обработка на најголемиот дел од податоците и информациите важни за успешно спроведеување на студиските програми и другите активности поврзани со наставно-образовниот процес е iKnow системот. Преку овој систем редовно се прибираат, следат и анализираат податоци за интересот на студентите за упис на соодветните студиски програми, бројот на запишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на соодветна студиска програма, просечниот успех, број на испишани студенти и сл. Во овој процес вклучени се сите засегнати страни (студентите, административните служби, наставничкиот и соработничкиот кадар на установата) и согласно доделените привилегии секој корисник администрира (внесува и менаџира) со соодветни податоци за својата активност.

Во однос на прибирање, анализа и користење на информации за научно истражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се користи систем „Ризница на научни трудови на УКИМ“ кој претставува репозиториум на научни трудови и публикации и е јавно достапен. Ризницата на научни трудови на УКИМ претставува збирка на записи за научниот опус на Универзитетот, вклучително и на Факултетот за земјоделски науки и храна како единица на УКИМ. Ризницата на научни трудови е систем кој е развиен и кој е одржуван од страна на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, а факултетот како единица на УКИМ е нејзин корисник. Научните трудови публикувани од членовите на академската заедница на ФЗНХ се јавно достапни на Универзитетската ризница. Факултетската ризница се состои од учебници, монографии, делови и поглавја од книги, статии во научни списанија, трудови од научни конференции, прикази на стручна литература напишани од страна на наставниот кадар на ФЗНХ, како и магистерски тези и докторски дисертации одбранети на факултетот.

Во рамки на активноста за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во интернет просторот секој член на научниот кадар на единицата на УКИМ , почнувајќи од 2021 година задолжително креира и одржува свој кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации како Google Scholar (академски интернет-пребарувач кој индексира текстови или метаподатоци за сите облици на академски публикации (трудови, тези, книги и др.), за речиси сите дисциплини) и платформите ResearchGate.net, и ORCID. На овие платформи наставниот кадар редовно внесува податоци и информации за своите научно-истражувачки достигнувања.

Креирани се три интерни бази на Факултетот што имаат за цел да придонесат кон надополнување на референците на Факултетот, и тоа: База на меѓународни проекти поднесени и имплементирани во периодот од 2010 година до денес; База на претставници на Факултетот во меѓународни организации и тела, и База на членови на Факултетот во научни одбори и/или како рецензенти во меѓународни научни списанија.

**Прилози**

7.1.А- https://is.iknow.ukim.mk/
7.1.Б-Ризница на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје
7.1.В-Ризница на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје
7.1.Г- https://scholar.google.com/
7.1.Д- https://www.researchgate.net/
7.1.Ѓ- https://orcid.org/

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и

| | |
|---|---|
| вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |
| **Прилози**<br>7.2.А-Одлуки за формирање комисии на ФЗНХ (6.7.Д) | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Факултетот за земјоделски науки и храна води регистар за значајни настани, активности и процеси.<br><br>Факултетот за земјоделски науки и храна редовно ги објавува Информациите за значајните настани, активности и процеси, во Годишните извештаи, како и на веб страната на установата која редовно се ажурира<br>Во делот за настани:<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/nastani/<br><br>како и во делот наука и апликација:<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/nauka-i-aplikacija/<br><br>и во делот соработки:<br>http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/sorabotki.../<br><br>Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на Факултетот. | |
| **Прилози**<br>7.3 Регистар на значајни настани, активности и процеси | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
| Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во рамките на својот делокруг на работење, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката, врши собирање, чување и обработка на лични податоци на субјекти во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедноста на личните податоци. Обработката на податоците на студентите во дигитрална форма се врши преку iknow системот, во кој секој вработен на факултетот и секој регистриран студент по безбедносна автентикација може да пристапи до информации за своите активности согласно привилегиите кои му се дадени. Во однос на податоците кои се прибираат во хартиена форма, и согласно Законот за високо образование и согласно со Статутот на УКИМ, утврдени се податоците кои ќе се обработуваат во студентксите досиеа. Студентите при нивното запишување во прва година, потпишуваат изјави со кои даваат согласност нивните лични податоци да бидат обработувани, согласно Законот за високото образование. | |
| **Прилози** | |

# Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат |

<table>
<tr><td>објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.</td><td>активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна редовно објавува точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни податоци за своите активности и за студиските програми на веб страницата на факултетот . Факултетот учествува на отворените денови на УКИМ и ФЗНХ, редовно се врши промоција на Факултетот по електронски пат, преку користење на различни социјални мрежи и преку други активности (Факултети.мк, електронска достава на флаери до средните училишта и др.), настапи на радио и телевизија, организирање на кариерниот ден на ФЗНХ. Преку организацијата ИМЕ е ангажирана и маркетинг агенција за промоција на Факултетот, особено на новата студиска програма по Дигитално земјоделство, а изработен е и краток филм за промоција на Факултетот и оваа програма. Првиот Академски час за студентите беше организиран на 3.10.2023 година на Факултетот за земјоделски науки и храна, а на овој настан свое обраќање имаше и Германскиот Федерален Министер за земјоделство и храна, г-дин Џем Оздемир, кој ги охрабри студентите на Факултетот за важноста на оваа струка во рамки на ЕУ и и значењето на овој сектор воопшто во иднина. ФЗНХ зема учество на отворениот ден на УКИМ организиран од страна на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, кој во извештајниот период се одржа во два наврати;<br>Во периодот февруари, март и април 2024 година, тимот за промоција на ФЗНХ реализираше посета на 70 средни училишта во државата и за матурантите ги презентираше можностите за студирање со соодветен промотивен материјал, а со цел приближување на агрономската струка до младата популација и давање акцент на значењето на земјоделството во глобални рамки. Покрај овој тим за промоција на ФЗНХ, формиран е тим кој е одговорен за објавување на информациите на социјалните медиуми.<br>Во учебната 2023/24 беа остварени 20 гостувања на ТВ емисии каде се промовираа студиските програми на Факултетот со цел привлекување на поголем број на студенти. Исто така, во периодот беа објавени 5 информации во печатот, и 30 информации на дигитални медиуми и портали поврзани со тековните активности на Факултетот како и 133 на социјалните медиуми. Бројот на остварени интеракции на социјалните медиуми изнесуваше вкупно 2581.<br>Објавите се под директна координација и одобрување од страна на продеканот за меѓународна соработка, продеканот за настава и деканот на ФЗНХ.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>8.1 А Годишен извештај на ФЗНХ (5.12)<br>8.1 Б Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите<br>8.1 В Линкови до социјални медиуми</td></tr>
<tr><td>8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.</td><td>Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна ги има објавено сите потребни податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, условите за учење кои им се на располагање на студентите,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. Исто така во текот на промотивните настани, како што е отворениот ден на ФЗНХ, на потенцијалните идни студенти на ФЗНХ им беа презентирани актуелните студиски програми, можностите за стипендирање, вклученоста на студентите во научноистражувачките проекти, можностите за меѓународна размена, активностите на студентите и работата на ФСС, работата на Центарот за кариера, практиканството и кариерните можности. | |
| **Прилози**<br>8.2.А-Статут на ФЗНХ<br>8.2.Б- Статутарна одлука за измена и дополна на Статут на ФЗНХ 2021<br>8.2.В- Решение за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;<br>8.2.Г- Акт за систематизација;<br>8.2.Д- Деловник за работа на наставно-научниот совет;<br>8.2.Ѓ- Правилникот за плати и надоместоци на ФЗНХ (6.1.В)<br>8.2.Е- Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,<br>8.2.Ж- Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>8.2.З- Завршна сметка,<br>8.2.Ѕ- Годишен извештај (5.12)<br>8.2.И- Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;<br>8.2.Ј- Прифатени теми за изработка на докторски трудови;<br>8.2.К- Акти кои ги носи единицата согласно други закони<br>8.2.Л--Етички кодекс на УКИМ | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Факултетот за земјоделски науки и храна редовно ги објавува закажаните одбрани на магистерските трудови и докторските дисертации. Дипломските, магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во физичка форма во бибилиотеката на ФЗНХ. | |
| **Прилози**<br>8.3 А Линк до објави за втор циклус студии 1<br>8.3 Б Линк до објави за втор циклус студии 2<br>8.3 В Линк до објави за трет циклус студии 1<br>8.3 Г Линк до објави за трет циклус студии 2 | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Меѓународната соработка е тесно поврзана со научноистражувачката работа на Факултетот, а посебно на зголемување на пријавите на меѓународни научно-истражувачки проекти. Исто така, во овој период акцент беше ставен на разгледување на можностите за остварување на мобилност на наставниот кадар и студентите на сродни универзитети од Европа и светот, но истовремено и на зголемување на бројот на мобилности од страна на еминентни научни работници од странство на нашиот факултет, иницирање и потпишување на договори за соработка со сродни институции од странство, организација и учество во коорганизација на меѓународни конференции, како и организирање предавања од страна на еминентни професори од странство. Студентите како | |

и вработените на Факултетот имаат можност да реализираат мобилност во рамки на програмата Erasmus+. Покрај можностите за остварување мобилност во рамки на програмата Еразмус+, во овој период беше иницирана и интензивирана соработката со сродните универзитети и во рамки на програмата CEEPUS, со цел отворање на повеќе можности за мобилност на наставно-научниот кадар и студентите на Факултетот. ФЗНХ е член на CEEPUS-мрежата @groen во која членуваат универзитети од 21 земја, и која во јануари 2021 ја поднесе 16-тата апликација за пролонгирање на функционирањето на оваа мрежа, укажувајќи на долгогодишната соработка помеѓу универзитетите од земјите партнери во мрежата. Вредно да се истакне е дека во извештајниот период Факултетот, како дел од конзорциум, аплицираше и на уште една CEEPUS мрежа, под назив „Tourism and Agriculture Sustainable Alliances - #TASA", која беше успешно евалуирана и одобрена и во рамките на која ќе може да се реализираат мобилности почнувајќи од академската 2023/2024 година. Во оваа мрежа членуваат 28 универзитети кои имаа за цел да едуцираат студенти во областа на земјоделството, туризам и угостителство, логистика, животна средина и други сродни дисциплини

Во академската 2023/2024 година во рамките на Еразмус + програмата за размена / мобилност на студенти и наставен кадар биле номинирани 4 студенти од прв циклус студии и 1 студент од трет циклус на студии.

Процентуалното учество на студентите кои оствариле мобилност во учебната 2023/2024 во однос на вкупно запишаните студенти на прв циклус студии на Факултетот година изнесува 1,96% за прв циклус и 7,69% за трет циклус.

Во последните 5 години, односно од периодот 2019/20 до 2023/24 учебна година, вкупно 15 студенти користеле мобилност и тоа 3 студенти преку Еразмус + програмата, 11 студенти преку програмата CEEPUS и еден студент преку IAEA.

Во учебната 2023/24, Факултетот за земјоделски науки и храна работеше на продолжување на дел од веќе потпишаните договори, како и на потпишување на нови билатерални договори, со вклучување на подрачјето од земјоделските науки во договорите. Во таа насока, иницирана е нова билатерална соработка со следните универзитети: Земјоделскиот универзитет во Пловдив, Бугарија, Plovdivski Universitet Paisiy Hilendarski, Бугарија, Technologiko Panepistimio Kyprou, Кипар, Универзитет од Славонски Брод, Универзитетот во Лион, Франција, како и потпишување на Еразмус+-договор за мобилност на наставен кадар и студенти од двата универзитета.

**Прилози**

9.1 А Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии

9.1 Б Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните пет години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+

9.1 В Листа на склучени Еразмус + билатерални договори

Линк до информации за меѓународната размена на студентите

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Во рамките на факултетот функционира канцеларија за меѓународна соработка која е надлежна за извршување на активностите од областа на меѓународната соработка и интернационализација. Во однос на пријавувањето на меѓународни научноистражувачки проекти, во учебната 2023/24 година, континуирано беа споделувани сите информации коишто пристигнуваа до канцеларијата за меѓународна сорботка, а се однесуваа на отворени повици за учество на вебинари поврзани со правилно водење на меѓународни проекти, како и на различни други теми од областа на земјоделските науки.

**Прилози**

9.2. А - Годишен извештај за работата на Факултетот за земјоделски науки и храна (дел за меѓународна соработка) (5.12)

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

| | |
|---|---|
| странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | |

Факултетот за земјоделски науки и храна има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка преку Програмата за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање на ФЗНХ при УКИМ во Скопје. Дел од средствата од остварените приходи а во висина од 40% може да се користат за други намени, односно за (1) развој на наставата; (2) научно истражувачка дејност и (3) мобилност. Средствата од остварените приходи од партиципации на трошоците за студирање во висина од 40% може да се користат согласно годишната усвоена програма од страна на деканатската управа и наставно - научниот совет на ФЗНХ која е подготвена согласно Законот за Високото образование (член 125).
Средствата за Мобилност опфаќаат расходи за: Учество на домашни истражувачи (наставно - научни и соработнички кадар и студенти) на научни собири во земјата и во странство, со право на еднократно користење по истражувач во тековната година и тоа во висина не поголема од 250 евра во денарска противвредност по поднесено барање и доставен формулар.

Расходите за учество на домашни истражувачи на симпозиуми, семинари и конференции од

- Национален карактер, согласно доставениот и усвоен годишен план и тоа по поднесено барање и доставен формулар, и
- Меѓународен карактер, согласно доставениот и усвоен годишен план и тоа по поднесено барање и доставен формулар, опфаќаат котизација, патни расходи, сместување.

Во учебната 2023/24 од донации од меѓународни проекти (Иновации во агробизнисот: Пат за одржлив економски развој – RENAISSANCE / CN2-SO1.1-SC050, Патеки за диверзификација на приходите во Африка преку циркуларни и биолошки-базирани иновации во земјоделството -DIVAGRI / 101000348 — DIVAGRI — H2020-SFS-2018-2020, Одржливо пчеларство и селекција на медоносните пчели за заштита на природните генетски ресурси и опрашување – BEEGUARDS / 101082073 — BeeGuards, Професионални курсеви за компании од секторот овошје и зеленчук - Зајакнување на капацитетите на локалните мали и средни претпријатија за подобрување на нивниот пристап до регионалните и надворешните пазари, MAK5010 - Improving dry bean productivity and tolerance to diseases and drought by use of nuclear techniques) искористени се вкупно 286,206.85 EUR.

**Прилози**
9.3 А Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата, со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).
9.3. Б Програма за распределба на дел од средствата од партиципација за развој на наставната, научно-истражувачката дејност и мобилноста на факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ во Скопје за 2024 година (6.1.Г)

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

- Билатерална соработка

Факултетот за земјоделски науки и храна континуирано соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Во таа насока, во текот на учебната 2023/24 година, продолжија залагањата на ФЗНХ за проширување на билатералната соработка со универзитети од Европа и светот, која не базира само на Еразмус+ договорите за мобилност на наставен кадар и студентите, туку ќе ги опфаќа и следниве аспекти: (i) поттикнување посети на членови на факултет од еден на друг универзитет со цел да се вклучат во истражувачки, наставни или други образовни активности; (ii) поддршка на размена на студенти на додипломски, постдипломски и докторски студии за студирање и истражување; (iii) размена на неакадемски кадар за споделување искуства и знаење; (iv) поттикнување на заеднички академски публикации; и (v) промовирање на заеднички научноистражувачки активности од заеднички интерес за двата универзитета.
Во таа насока, во текот периодот беа потпишани договори си Велеучилиште Марко Марулич во Книн, Хрватска,

Земјоделскиот Институт во Словенија, Институтот за генетски растителни ресурси К. Малков од Садово, Бугарија, Институт за конзервирање и квалитет на храна, Пловдив, Бугарија, како и со Меѓународниот институт за генетски растителни ресурси-Bioversity International, Рим, Италија. Дополнително, во текот на учебната 2023/24 година беше иницирана и соработката помеѓу нашиот факултет и Универзитет Хохшуле Гајзенхајм, Германија, во рамките на која професори од нашиот факултет остварија заедничка средба со претставници и од Земјоделскиот инститит во Германија, како иницијатива на сорабткта помеѓу двете институции.

- Меѓународни проекти

Во учебната 2023/24, во координација и доставена информација до Канцеларијата за меѓународна соработка на факултетот беа поднесени вкупно 10 апликации за пријавување на меѓународни проекти на европските повици и тоа главно на Horizon Europe Framework (4), Interreg IPA CBC Greece-Republic of North Macedonia 2021-2027 (3), Erasmus+ (2) и Prima програмата (1). Од поднесените апликации во текот на овој период, на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје се одобрени два меѓународни проекти: „

- Алијанса за извонредност во биоекономијата за стимулирање иновативна и инклузивна зелена транзиција – BEAMING“ (2024 – 2027), финансиран од Horizon Europe framework програмата на Европската Унија (HORIZON-WIDERA-2023-ACCESS-03)
- Земјоделска роботика и зголемена реалност (AR) за подобрување на работното место и поврзаност со работната сила- AGRO-WELL финансиран од Horizon Europe framework програмата на Европската Унија (HORIZON-CL6-2024 GOVERNANCE-01)

За останатите поднесени апликации сеуште трае евауалцијата. Покрај поднесените проектни апликации, во учебната 2023/24, на Факултетот се имплементираат осум меѓународни проекти и тоа три проекти од програмата Horizon 2020/Horizon Europe, еден проект од програмата IPA Cross-Border Cooperation Programme Greece – Republic of North Macedonia 2014-2020, еден проект од програмата Erasmus+, еден проект финансиран од UN Women и два проекта финансирани од IAEA.

- Асоцијација на факултети за земјоделски науки од Југоисточна Европа

Континуирано на претходните извештаи во текот на овој извештаен период се интензивираа активностите околу формалното основање и регистрација на Асоцијацијата на факултетите за земјоделски науки од Југоисточна Европа. Во таа насока, по донесувањето на одлуката Седиштето на асоцијацијата да биде на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, се пристапи кон изготвување на Статут на асоцијацијата, кој беше разгледуван на 3.10.2023 година на состанок на Асоцијацијата одржан на нашиот Факултет на 27.3.2024 година, на седницата на Асоцијацијата одржана во Белград официјално беше усвоен Статутот на Асоцијацијата, а беа избрани телата и органите на истата, односно за претседател на собранието и генерален секретар на Асоцијацијата е избран проф. д-р Вјекослав Танасковиќ од ФЗНХ, додека за секретар на секретаријатот е избрана проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска од ФЗНХ. Деканите на Факултетите се редовни членови на претседателството на Асоцијацијата, додека продеканите за меѓународна соработка се членови на генералниот секретаријат.

**Прилози**
9.4. А Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство
9.4. Б Листа на наставници од странство

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Визитинг професори
За академската 2023/2024 година, ННС на ФЗНХ донесе предлог-одлука, а Ректорската управа даде согласност за ангажирање на следниве визитинг професори:

- Проф. д-р Чао Ченг, Кинеска Академија на науки, Кина.
- Проф. д-р Розалија Цвејиќ, професор на Универзитетот во Љубљана, Биотехнички факултет, Словенија.
- Проф. д-р Андреас Дрихутис, Земјоделски Универзитет во Атина, Грција.

Исто така вкупно 12 наставници од странство држеа обуки на повеќе студиски програми во рамки на ФЗНХ. Листата на наставници од странство е дадена во прилог 9.5

**Прилози**
9.5 Листа на наставници од странство (9.4Б)

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

## 4. ПРЕПОРАКИ

| ПРЕПОРАКИ |
|---|
| Изработка на стратегија и акциски план за работата на факултетот во наредните години |
| Изготвување на Правилник за студирање на прв и втор циклус студии на ФЗНХ |
| Изготвување водич/информатор за студирање на сите циклуси студии |
| Воведување на индивидуални извештаи за реализирана настава во по завршување на секој семестар за наставно-научниот и соработничкиот кадар |
| Воведување на индивидуални годишни извештаи за активностите на наставно-научниот и соработничкиот кадар |
| Разгледување на можностите за ставање во мирување на одредени акредитирани студиски програми |
| Намалување на бројот на предмети по наставник согласно Колективниот договор |
| Разгледување на можностите за воведување студиски програми на англиски јазик на сите три циклуси студии |
| Изработка на регистар/датабаза/репозиториум на научно-истражувачки проекти и активности во рамки на истите |
| Изработка на регистар/датабаза/репозиториум на значајни настани на кои учествувале вработените |
| Изработка на регистар/датабаза/репозиториум на објавени научни трудови по категории |
| Унапредување на наставата на додипломски и постдипломски студии преку организирање на работилници и обуки за вработените, со акцент на користење на современи алатки и методи за изведување на настава |
| Унапредување на соработката со бизнис заедницата, владините институции и невладиниот сектор, во поглед на научно-истражувачката и наставната активност |
| Воведување конкретни мерки за мотивирање на наставно-научниот и соработничкиот кадар за учество во проекти и објавување трудови |

Комисија за самоевалуација

Проф. д-р Мирана Јанкуловска, претседател

Проф. д-р Кочо Порчу,

Проф. д-р Душица Санта,

Проф. д-р Фросина Бабановска- Миленковска,

Проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска,

Горан Смилковски, студент

Миа Кнезовиќ, студент

**Пример 1**

**Изјава**

Под полна материјална и кривична одговорност јас, **МИЛЕ МАРКОСКИ** со ЕМБГ **1511981440070**, одговорно лице во високообразовната установа **Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје** изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа **Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје** за периодот 1.10.2023 до 31.5.2024 година се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Миле Маркоски

(име и презиме)

(своерачен потпис)

Јас, НОТАР Петар Митков
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
бул. Јане Сандански ТЦ 13-ти Ноември лок. 21 Скопје

Потврдувам дека
за Факултет за земјоделски науки и храна , ул. 16-та Македонска Бригада бр. 3, Скопје-Гази Баба, ЕМБС: 4066499, , деканот Миле Маркоски, ул. Христо Смирненски бр. 54/1-2, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: А2220379 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 100 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200 денари.

Број УЗП 730/2024

Во Скопје 10.07.2024

НОТАР

Петар Митков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
НОТАР
ПЕТАР
МИТКОВ
СКОПЈЕ